Друштво за телекомуникации и услуги
**КОМБО 2003**
ДОО, извоз-увоз
Бр.: 07/145
09.05. 2013 год.
Куманово

07.06.2013

Уп1-Бр.1605 620 17

**ПРЕТПЛАТНИЧКИ ДОГОВОР БР. ___________ датум______________**

за пристап и користење на електронско - комуникациски услуги на Операторот

| **1. ПОДАТОЦИ ЗА ОПЕРАТОРОТ** | |
|---|---|
| Оператор: | КОМБО 2003, ДОО Куманово |
| Адреса на Операторот: | ул. „Тане Георгиевски" б.б. 1300 Куманово |

Податоци за корисникот

| **2. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТПЛАТНИКОТ** | |
|---|---|
| Име и презиме, назив: | |
| Адреса, седиште: | |
| Поштенски број, град, држава: | |
| ЕМБГ, ЕМБС: | |
| Број на л.к., ЕДБ: | |
| Потписник на договорот, функција: | |

Податоци за приклучокот

| **3. ДРУГИ АДРЕСИ** | |
|---|---|
| Адреса на инсталација: | |
| Адреса за испраќање на фактурата: | |

Податоци за контакт

| **4. КОНТАКТ ЗА ИЗВЕСТУВАЊА И ПЛАЌАЊЕ НА ФАКТУРИТЕ** | | |
|---|---|---|
| Контакт телефон | Фиксен: | Мобилен: |
| E-mail адреса: | | |

Поднесени документи

| **5. ПРИЛОЖЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА** | | | |
|---|---|---|---|
| Лична карта или патна исправа | | Лична карта или патна исправа од управител | |
| Последна платена сметка | | Тековна состојба од ЦРМ | |
| Потврда за вработување | | ЗП образец | |
| Денарски депозит за невработени | | Потписен картон од банка | |

| | |
|---|---|
| **СЕ СОГЛАСУВАМ** и го овластувам Операторот да може да ги обработува и користи моите лични податоци доставени од моја страна во постапката за склучување на Општиот претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на Операторот, како и понатамошната постапка за остварување на целите од овој Договор, а во согласност со основот за нивно чување и обработување, Законот за заштита на лични податоци, Законот за електронските комуникации и другите релевантни законски, подзаконски и интерни акти. Со селектирање на полето ја потврдувате согласноста. | ☐ Да<br>☐ Не |
| **СЕ СОГЛАСУВАМ** на мојот телефонски број и електорнска пошта да примам информации за промоции поврзани со услугите на Операторот. Со селектирање на полето ја потврдувате согласноста. | ☐ Да<br>☐ Не |

10-182/4 ЛЕКТОР Слаѓан Спасовски

## ПРЕТХОДНИ ОДРЕДБИ

1. Овој Општ претплатнички договор се однесува на електронско-комуникациските услуги коишто ги нуди Операторот.
2. Доколку дојде до статусни промени на страната на Операторот од кои било причини, таквите промени нема да имаат никакво дејство на валидноста на овој Договор. Овој Договор со своето целокупно времетраење е целосно обврзувачки и за сите евентуални правни наследници или сукцесори на права и обврски на договорните страни.
3. Операторот се обврзува, на Претплатникот да му овозможи користење на електронско-комуникациски услуги врз основа на одобрено Барање за користење на електронско-комуникациски услуги, поднесено од страна на Претплатникот.
4. Претплатник на електронско - комуникациски услуги може да биде секое физичко и правно лице коешто има поднесено Барање за користење на електронско-комуникациски услуги во продажните места на Операторот, ги исполнува неопходните услови и ги има подмирено сите претходно издадени, а стасани фактури кон Операторот.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

1. Предмет на овој Договор е уредување на правата, обврските и одговорностите помеѓу договорните страни, во врска со пристапот и користењето на електронско-комуникациските услуги, коишто ги нуди Операторот.
2. Целта на овој Договор е засновање претплатнички однос за пристап кон јавната комуникациска мрежа на Операторот, под услови утврдени со овој Договор, со Законот за електронски комуникации, (во понатамошниот текст: Законот), Правилникот за видот и содржината на податоците што операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавни комуникациски услуги, (во понатамошниот текст: Правилникот) и други акти и прописи донесени врз основа на нив.

## ПРИСТАП КОН МРЕЖАТА И УСЛУГИТЕ НА ОПЕРАТОРОТ

### Член 2

1. По склучување на Договорот, Операторот на Претплатникот му обезбедува право на пристап кон неговата јавна комуникациска мрежа. За користење на услугата ДИГИТАЛНА ТЕЛЕВИЗИЈА, Корисникот добива терминална опрема на користење.
2. Инсталирањето на опремата, којашто е неопходна за користење на конкретната услуга на Операторот, ќе биде изведено од страна на овластени лица на Операторот или негов подизведувач, согласно одредбите од овој Договор или Анексите кон истиот.
3. Опремата се дава на користење на Претплатникот на услугите за целото времетраење на Договорот. Претплатникот се обврзува, во тој период, да се однесува како добар домаќин кон опремата дадена на користење. Доколку настане штета, кражба или уништување, односно пропаѓање на опремата, освен во случај на виша сила, Претплатникот е должен да ја надомести целата вредност на опремата, наведена во Документот за издавање на опремата. Во опрема спаѓа и КАБЕЛОТ со кој се поврзува Претплатникот на мрежата на Операторот. КАБЕЛОТ И КОМПЛЕТНАТА ТЕРМИНАЛНА ОПРЕМА ЦЕЛОСНО Е ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПЕРАТОРОТ.
4. Доколку се утврди дека опремата е расипана без вина на Претплатникот, тој не смее да ја отвора или поправа истата, туку треба да го извести Операторот за проблемот, и да му овозможи пристап до опремата со цел нејзино поправање или заменување.
5. По истек на овој Договор или Анексите за користење на услугата, Претплатникот е должен да ја врати комплетната опрема дадена на користење, исправна и неоштетена. Во спротивно Претплатникот ќе мора да ја надомести целата вредност на опремата

Слаган Спасовски ЛЕКТОР 10-1824

дадена на користење.

## УСЛОВИ И НАЧИНИ НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 3

1. Месечниот и еднократниот надоместок за користење на електронските - комуникациски услуги за корисниците кои се на договор на неопределено време се наплаќаат веднаш со склучувањето на Договорот. Месечниот надоместок се плаќа однапред за користење на услугите во наредниот месец и сметката се издава на денот на плаќањето.
   За Претплатниците кои се на договор на определено време месечниот надоместок и фактурата се наплаќаат преку претходно издадена фактура. Фактурата се издава најдоцна до 5-ти во тековниот месец за услугите искористени од претходниот месец и Претплатникот е обврзан да ја плати до 15-ти во тековниот месец.
2. Висината и начинот на плаќање на сите надоместоци за користење на електронско-комуникациските услуги е утврден во Анексот кон овој Договор, како и во јавно објавениот официјален ценовник на Операторот. Официјалниот ценовник е составен дел од овој договор, а објавен е и на веб страната на Операторот http://www.k.net.mk.
3. Операторот има право да го промени својот официјален ценовник во согласност со законот, критериумите на инфлацијата и вкупната цена на чинење на услугите, каде што се вклучени и инвестициските трошоци, како и трошоците за работењето и одржувањето на мрежата, со претходно известување на Претплатникот преку средствата за јавно информирање, веб страната на Операторот, преку писмен, електронски или друг јавно достапен начин.
4. Операторот треба да го извести претплатникот во рок кој не може да е пократок од 30 (триесет) дена пред воведувањето на измените. Известувањето треба да ги содржи сите предложени измени во условите наведени во претплатничкиот договор, како и правото на претплатникот дека во истиот период, односно во рокот кој не може да биде пократок од 30 (триесет) дена од денот на известувањето, без последици да може да го раскине претплатничкиот договор, доколку не се согласува со предложените измени.
5. Доколку операторот не постапи во согласност со став 4 од овој член, тоа нема да ги ослободи претплатниците од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот договор.
6. На Претплатникот ќе му бидат фактурирани сите трошоци коишто ќе ги поднесе Операторот поради неисполнувањето на неговите договорни обврски, како што и е утврдено во овој Договор.
7. Претплатникот има право да поднесе Приговор до Операторот во врска со фактурите во рок од 15 (петнаесет) дена по нивниот прием. По истекот на овој рок ќе се смета дека Претплатникот ги прифатил доставените фактури и нема право на Приговор по истите. Во случај на поднесен Приговор во врска со износот на фактурата, се до донесувањето на конечна одлука по приговорот, Претплатникот е должен да ја плати месечната претплата која ја оспорува во определениот рок назначен на фактурата. Операторот по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена, од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести претплатникот. Доколку навремено доставениот Приговор на Претплатникот е основан, Операторот ќе го извести Претплатникот за истото и спорниот износ или износот кој смета дека е оправдан ќе го одбие од наредната месечна фактура. Доколку во текот на траењето на постапката по Приговорот, Претплатникот не ги плаќа фактурите коишто ги оспорил, долгот на Претплатникот ќе се акумулира, заедно со каматата и може да доведе до привремено ограничување или исклучување на Претплатникот поради неподмирен долг. Доколку Претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронските комуникации. Доколку Операторот не постапи по

ЛЕКТОР

Приговорот утврден во ставот 7 од овој член, претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронските комуникации во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до операторот.

8. Непримањето на фактурите или непоседување на фактурите од која било причина, не го ослободува Претплатникот од обврската да го плати должничкиот износ во предвидениот рок, односно Претплатникот е должен сам да побара фактура доколку истата не ја примил на време, на телефонскиот број: 031/550-550, 078/550-550 или во продажните места на Операторот.
9. Во случај на ненавремено плаќање, Операторот има право:
   - Да пресметува законска казнена камата од денот кога Претплатникот задоцнил со плаќањето;
   - Да ангажира Агенција за наплата, овластена за побарување на пристигнатите, а неплатени средства од страна на Претплатникот;
   - Да го ограничи пристапот на Претплатникот до неговите услуги;
   - Да го исклучи Претплатникот и да го раскине претплатничкиот Договор, како и да си ја подигне сопствената опрема, која му била дадена на Претплатникот на користење;
   - Да преземе активности за наплата на финансиските побарувања по судски пат.
10. Во случај на ненавремено плаќање Операторот треба писмено да го извести корисникот дека има заостанат долг при што ќе му определи разумен рок во којшто треба да го плати фактурираниот износ за месечната претплата. Доколку и после истекот на овој рок, корисникот не го подмири заостанатиот долг, Операторот може да го исклучи од коминикациската мрежа.
11. Известувањата за вкупниот неподмирен долг на Претплатникот, секој месец се наведени во самите фактури во делот за известувањата.
12. Известувањата од Операторот до сите свои Претплатници во врска со долгот, како и за исклучување на сервисот можат да бидат објавени на самите фактури, во дневен весник, на веб страната на Операторот, електронска адресата, домашна адреса или телефон кои Претплатникот ги оставил како контакт и сл.
13. Известувањата доставени до Претплатникот на начините наведени во став 9 и 10 од овој член, се сметаат дека се уредно доставени до Претплатникот и дека тој е известен за сите активности на Операторот.
14. Доколку Претплатникот е исклучен од мрежата на Операторот поради ненавремено подмирен долг и истиот го уплати во целост, тогаш може да побара негово повторно приклучување со приложување на веродостоен доказ за извршена уплата. Доколку Претплатникот не приложи доказ за извршена уплата, тогаш тој повторно ќе биде приклучен од моментот кога Операторот ќе ја прими уплатата на својата жиро сметка. Претплатникот е должен при плаќање на фактурите јасно и недвосмислено да го наведе неговиот референтен број назначен на фактурата, точното име и презиме/назив, точниот износ наведен во фактурата. Доколку Претплатникот не постапи на тој начин и Операторот не може да утврди за кој Претплатник се работи, уплатата ќе стои непрокнижена се до моментот кога Претплатникот сам не се обрати до надлежните служби на Операторот лично или на телефон: 031/550-550 и не достави доказ за уплата на електронска адресата: sales@k.net.mk . Повторното приклучување на Претплатник којшто бил исклучен поради долг, се врши секој работен ден од 10 часот до 14 часот, освен во сабота и недела и на државни празници.

## ЖАЛБИ И ПРИГОВОРИ ОД ПРЕТПЛАТНИКОТ

## Член 4

1. Претплатникот има право неговите Жалби, Барања и Приговори во врска со пристапот и/или обезбедувањето на електронско-комуникациските услуги да ги доставува во писмена форма до специјализираните служби за грижа за корисници на Операторот на обрасци изготвени од истата, кои може да ги добие во просториите на Операторот.
2. Приговорот до Операторот се поднесува во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на

Спаган Спасовски ЛЕКТОР 10-182/4

приемот на фактурата, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.

3. Во случај на поднесен Приговор во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечна одлука, Претплатникот е должен да го плати износот на месечната претплата во определениот рок наведен во фактурата, а Приговорот во врска со износот на сметката не треба да се достави подоцна од 15 (петнаесет) дена од датумот на пристигнување на сметката.
4. Операторот треба да одлучи по Приговорот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истиот и за тоа писмено да го извести Претплатникот.
5. Доколку Претплатникот не е задоволен од донесената одлука по Приговорот има право, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истата, да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации.
6. Доколку Операторот не постапи по Приговорот во рокот утврден во ставот 5 од овој член, Претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на Приговорот.
7. Претплатникот има право да депонира паричен износ како аванс на сметка од која ќе се црпат средства за подмирување на обврските за плаќање кон операторот и/или давателот на услуги. Во овој случај наплатата на услугите ќе се врши со директно минусирање од депонираните средства. Операторот има право да побара од претплатникот да депонира паричен износ на средства како аванс и/или гаранција, а особено по исклучување на претплатникот заради доцнење или неможност за плаќање, за телефонски приклучок од времен карактер, при склучување на претплатнички договор со претплатник кој не е државјанин на Република Македонија или со претплатник кој нема соодветен доказ за платежна способност.
8. Гаранциите од овој член ќе му бидат вратени на Претплатникот без камата по истекувањето на овој Договор, под услов Операторот да нема какви било финансиски побарувања од него поради каква било причина.
9. Операторот го задржува правото да наплати директно од вредноста на гаранцијата каков било износ што е стасан за наплата на Претплатникот.

**ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРИСТАП И ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕТПЛАТНИК**

**Член 5**

1. Операторот може, без согласност на Претплатникот привремено да го ограничи или прекине пристапот кон јавните електронско - комуникациски услуги во следните случаи:
   - Доколку тоа е потребно заради реконструкција, модернизација, одржување или во случај на технички пречки или недостатоци на мрежата, до завршувањето на работите или отстранување на пречките;
   - Ако се утврдат технички пречки или недостатоци на претплатничката терминална опрема или инсталации, до отстранувањето на овие пречки, односно недостатоци;
   - Доколку Претплатникот не ја плати сметката за користење на услугите во дополнителниот рок за плаќање наведен во писменото известување, до целосно плаќање на истата;
   - Доколку Претплатникот ја користи претплатничката услуга и соодветните комуникациски услуги за давање на комуникациски услуги на други лица со надомест;
   - Ако Претплатникот не дозволи преглед на исправноста на неговата терминална опрема или инсталации, до извршување на прегледот;
   - Ако Претплатникот приклучи неодобрена терминална опрема, до замена на истата;
   - Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него или друг закон или пропис, констатирана од страна на надлежен орган;
   - Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за

Слаѓан Спасовски ЛЕКТОР 10-1821А

цел спротивна на условите од Претплатничкиот договор.

2. Ако Претплатникот не ги исполнува своите договорни обврски, Операторот има право привремено или конечно да ги прекине или ограничи своите услуги, по истекувањето на соодветниот рок за што Претплатникот ќе биде информиран (на начините за известување наведени во член 3, точка 9, 10 и 11. Се до конечното прекинување на услугите на Претплатникот ќе му се наплаќаат сите претплати и давачки, под услов истиот да е претплатен на јавните комуникациски услуги на Операторот од каков било вид.
3. Операторот може да го ограничи пристапот до неговите услуги и/или да го исклучи Претплатникот од комуникациската мрежа само во случај кога Претплатникот не ги исполнил своите обврски или не постапил според условите наведени во овој Договор.
4. Операторот не е должен однапред писмено да го извести Претплатникот за исклучувањето, доколку се:
   - предизвика моментална и сериозна закана по јавниот ред, јавната безбедност, здравјето на луѓето и животната средина или
   - предизвикува голема материјална или оперативна штета.
5. За повторно вклучување на исклучената претплатничка линија поради ненавремено плаќање или неплаќање на сметката, Операторот го задржува правото да го задолжи Претплатникот, покрај заостанатиот долг, да плати надоместок за повторно приклучување на претплатничката линија во согласност со официјалниот ценовник.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОПЕРАТОРОТ

**Член 6**

1. Операторот се обврзува:
   - На Претплатникот да му обезбеди квалитетна и редовна електронско-комуникациска услуга, согласно со општите услови на Операторот.
   - Во рамките на техничките можности, да обезбеди неповредливост и заштита на тајноста на податоците што се пренесуваат преку неговата мрежа, како и да гарантира сигурност, тајност и неповредливост на личните податоци на Претплатникот. Операторот има право да дава податоци и информации на лица со посебни овластувања од надлежни органи, со Решение во кое се наведува основата и потребата за прибирање податоци, на лица со судски налог (вешто лице), инспектори при вршење на инспекциски надзор и други надлежни органи, согласно со закон, како и за потребите на службите на Операторот со посебни овластувања. Операторот не е одговорен за содржината на соопштенијата и на пораките што се пренесуваат низ мрежата.
   - Писмено да го извести Претплатникот, во случај на повреда на одредбите од општиот претплатнички Договор и да му определи разумен рок за исполнување на договорените обврски;
   - Да спроведе постапка по Приговор на Претплатникот;
   - Да обезбеди одржување на мрежата и опремата на начин на којшто се овозможува непрекинато обезбедување на услуги;
   - Во рамките на техничките можности да се отстранат какви било пречки на мрежата и опремата во најкраток можен рок;
   - Да обезбеди привремено прекинување на комуникациските услуги (мирување) на барање на Претплатникот според услови кои ги дефинира Операторот;
   - Да овозможи пренос на правото на користење на комуникациските услуги на друго лице на барање на Претплатникот.
   - Да обезбеди функционалност на опремата на Операторот до мрежената приклучна точка. Операторот не одговара за прекин на услугата поради дефект кој настанал помеѓу мрежената приклучна точка и опремата на Претплатникот (доколку Претплатникот има проблеми со својата компјутерска или друга опрема, компјутерската мрежа и сл.).

Спасовски Драган ЛЕКТОР

- Операторот нема да биде одговорен за штетите кои ќе настанат како последица на домашни или странски прописи (акт на јавната власт), одбивање или одложување на доделувањето на официјалната лиценца, технички причини надвор од контрола на Операторот, ситуации на виша сила или други настани и причини надвор од влијанието на Операторот.
- Операторот не презема одговорност за квалитетот на услугата интернет пристап, доколку Претплатникот не обезбедил потребна компјутерска конфигурација и оперативен систем за правилно функционирање на услугата.
- Операторот не одговара за непосакуван интернет сообраќај кој настанал како последица на спам, вируси, поп-ап реклами и сл.
- Брзината на пристап на интернет услугите, може да зависи од повеќе фактори како што се: брзината на веб сајтот кон кој се пристапува, оптовареноста на глобалната интернет мрежа, конфигурацијата на компјутерот на Претплатникот и други фактори.
- Операторот не одговара за настанатиот интернет сообраќај како резултат на упад и кражба во просториите на Претплатникот, доколку некој неовластено го користел неговото корисничко име и лозинка или уредот доделен од Операторот за конкретната услуга. Во случај на кражба или упад, Претплатникот е должен веднаш да го пријави истото кај Операторот. Претплатникот е должен да ги плати трошоците настанати со ваквата злоупотреба до моментот на писменото пријавување на кражбата кај Операторот.
- Операторот и/или давателот на услуги може, по претходно добиена согласност од барателот, да го стави барањето за склучување на претплатнички договор во мирување поради немање техничка можност да се реализира истото.

**Член 7**

1. Операторот има право:
    - Во согласност со развојната програма и техничките планови, да ги промени техничките карактеристики на мрежата и услугата, со цел обезбедување подобар квалитет на услугата и можност за користење нови услуги;
    - Да ги чува, обработува и користи податоците на Претплатникот, заради исполнување на целите на овој Договор, во согласност со Законот или друг закон или пропис;
    - Да ги објавува, разменува или користи за други цели податоците на Претплатникот само доколку тој е согласен на тоа;
    - Поради ненавремено плаќање на сметките, да изврши исклучување и на другите претплатнички услуги вклучени во ист Претплатнички договор, дури и ако другите сметки Претплатникот ги платил на време;
    - Да изврши наплата на своето пребарување од Претплатникот – правен следбеник/новоформираното правно лице, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи;
    - Да ја провери платежната способност на правното или физичкото лице кое поднесува Барање за склучување на Претплатнички договор;
    - Да врши преглед и контрола на исправноста на терминалната опрема и инсталациите на Претплатникот;
    - Да го промени пакетот на услуги што го користел Претплатникот, поради укинување на тој пакет на услуги во ценовникот на Операторот, за што е должен да го информира претплатникот најмалку 15 (петнаесет) дена пред промената.
    - Во согласност со развојната програма и технички планови да ја промени понудената листа на канали, а со цел обезбедување подобар квалитет на услугата.
2. Во случај на раскинување на Претплатничкиот договор поради задоцнето плаќање и/или неплаќање на сметките, Претплатникот не може да склучи нов договор пред целосно да ги намири своите финансиски обврски кон Операторот.
3. Политика на фер користење (Fair Use Policy) на Операторот е дефинирана како максимален број на интернет сообраќај, кои по истекот, Операторот ќе ги пресметува по

нормални тарифи согласно важечкиот ценовник на Операторот.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ

### Член 8

1. Претплатникот има право:
   - Да добива квалитетно и непрекинато користење на услугите, во согласност со Законот и правилата и прописите од оваа област, во кој се утврдени стандардите за квалитет на јавните комуникациски услуги;
   - Да бара намалување на месечната претплата (кај оние пакети кај кои има претплата и само доколку Претплатникот ги има намирено своите долгови кон Операторот) во случај на прекин на користење на услугите - континуирано подолго од 48 часа, за износот пропорционален на деновите кога услугата не била во функција и истиот ќе биде одбиен од наредната месечна сметка. Во овој случај Операторот нема да носи одговорност за каква било директна или индиректна штета, евентуално причинета на Претплатникот, поврзана со изгубена добивка, пропуштени можности во тргувањето, изгубен углед и сл.
   - Враќање на износот за претплатата и обесштетување за услугите кои не се обезбедени на нивото на договорениот квалитет;
   - Да бара неговите лични податоци да не бидат објавувани во јавност и достапни во јавност;
   - Да го пренесе правото на користење на услугата на друго лице, кое ги исполнува потребните услови за засновање на кориснички однос, со писмена согласност од страна на Операторот и со претходно целосно намирување на сите обврски за реализираните услуги кон Операторот;
   - На достапност до службата за грижа на корисници и техничка поддршка за каков било проблем што се однесува на користењето на услугите на телефонскиот број: 031/550-550, 078/550-550, или на електронска адресата: sales@k.net.mk .
   - Да побара привремен прекин во обезбедувањето на услугите (мирување) за период и под услови определени согласно општите услови на Операторот. По периодот на мирување Договорот и Анексите се продолжуваат за времетраењето наведено во Барањето за мирување.
   - Да бара преселување на користењето на услугата на друга адреса, со поднесување на писмено Барање до Операторот и покажување доказ за претходно намирен вкупен долг со плаќање трошоци за инсталирање/преселба на опремата на новата адреса, согласно со официјалниот ценовник на Операторот. Операторот ќе го одобри барањето, доколку за тоа постои техничка можност. Доколку преселувањето технички е невозможно, Операторот во рок определен во неговите општи услови за пристап и користење на јавните комуникациски услуги ќе го извести за тоа претплатникот и ќе му овозможи претплатничкиот договор да го раскине или пак да го отстапи на друго лице.
   - Да бара промена на избраниот пакет согласно со условите специфицирани во општите услови на Операторот.
   - На информација за бројот 190 на контакт центарот на Агенцијата за електронски комуникации, каде што може да ги оствари своите права.
   - Да овласти оператор во негово име да го раскине претплатничкиот договор со Операторот којшто дотогаш му ги обезбедувал услугите, при што претплатникот треба да биде информиран за датумот и времето на прекинот на услугите што се меѓусебно договорени од страна на операторите, а операторот кој што дотогаш му ги обезбедувал услугите треба да ги исклучи услугите на датумот кој е договорен со операторот кој го презема претплатникот.

### Член 9

1. Претплатникот се обврзува:
   - Претплатникот на услугите се обврзува за периодот на важење на овој Договор или

негово продолжување да се однесува како добар домаќин кон опремата дадена на користење. Доколку настане штета, кражба или уништување, односно пропаѓање на опремата, освен во случај на виша сила, Претплатникот на услугите е должен да ја надомести целата вредност на опремата, наведена во Документот за издавање на опремата или Анексите на овој Договор.

- Да го почитува секое упатство и соопштение на Операторот во поглед на користењето на услугите и опремата.
- Да се воздржува од какви било дејства што би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата, да не презема какви било активности кои би го нарушиле интегритетот на мрежата или би и нанеле штета;
- Дека услугите на Операторот ќе ги користи само за сопствени потреби и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници, како и дека нема да ја отстапува услугата или некои нејзини делови на привремено или трајно користење на трети лица без претходно писмено одобрение од страна на Операторот.
- Писмено да го извести Операторот во најбрз можен рок за секоја промена на податоците од претплатничкиот договор, кои се неопходни за непречено доставување на известувањата или сметките. Доколку не постапи по барањето од оваа точка, Претплатникот ги носи сите последици и Операторот е ослободен од секаква одговорност;
- Да овозможи пристап до мрежата приклучна точка на терминалната опрема на овластени лица на Операторот;
- Да ги носи трошоците за отстранување на дефекти на уредите, инсталацијата и мрежата, предизвикани по негова вина;
- Да не ги открива неговите податоците дадени од Операторот (корисничкото име и лозинката и слични доверливи податоци) на трети лица. За штетите настанати поради откривање на личните податоци по негова вина, лично е одговорен;
- Во случај да не добие месечна сметка за користени услуги да се информира во специјализираните служби за односи со корисници, и да побара изготвување на истата;
- На барање на Операторот, да ги достави податоците од Член 118 од Законот за електронските комуникации.
- Веднаш да го извести Операторот доколку забележи неовластена употреба на корисничкото име и лозинката од страна на трети лица;
- Претплатникот е одговорен и ќе ја надомести целата штета која ќе произлезе како последица на неовластена/незаконска употреба на неговото корисничко име и лозинката до моментот на известување на Операторот.
- Раскинувањето на овој Договор не го ослободува Претплатникот од плаќање на пристигнатите и неплатени сметки или исполнување на договорените обврски, пристигнати пред извршените измени во условите наведени во овој Договор.
- Да ја врати опремата дадена на користење за целото времетраење на Договорот.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 10**

1. Договорот се смета за склучен и стапува во сила во моментот на потпишување на двете одговорни страни;
2. Времетраењето на Договорот е регулирано со Анекс кон Договорот.
3. За договорите кои се склучени на определен временски период, доколку има промена на тарифниот модел на Претплатникот, или доколку Претплатникот останува без услугата, Операторот во рок не пократок од 15(петнаесет) дена пред истекот на задолжителното времетраење од договорот треба да го извести Претплатникот дека му истекува истиот.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 11

1. Претплатникот има право да го раскине Договорот со Операторот, лично или преку лице овластено со нотарски заверено полномошно со поднесување на писмено Барање кое се доставува на пропишан образец на Операторот, со доставување на сите информации и документи коишто Операторот ќе ги смета за потребни за престанување на претплатничкиот однос.
2. За навремено раскинување на Договорот се смета рокот од 15 (петнаесет) дена пред истекот на времето за кое претплатничкиот Договор е склучен.
3. Доколку Претплатникот сака да го раскине Договорот пред истекот на времето за кое претплатничкиот Договор е склучен, истото може да го направи доколку:
   - Поднесе писмено барање за раскинување на Договор на пропишан образец на Операторот;
   - Ги има подмирено сите стасани финансиски обврски кои произлегуваат од претплатничкиот Договор кон Операторот;
   - Ја има вратено терминалната опрема на Операторот во исправна состојба како што му е дадена или ја надоместил нејзината вредност;
   - Ја плати договорната казна за предвремено раскинување на Договорот во износ утврден во соодветниот Анекс кон Договорот.
   - Претплатникот нема обврска да ги плати казнените пенали, доколку го раскине претплатничкиот договор пред истекот на договорениот рок, само во случај кога од страна на Агенцијата ќе биде утврдено дека Операторот не ги исполнува параметрите за квалитет дефинирани во претплатничкиот договор. Во тој случај Претплатникот има право да поднесе приговор кај Операторот во кој треба да стори една од следниве работи:

     а) Да изврши проверка, технички корекции и да ги отстрани недостатоците во рок од пет дена од поднесениот приговор;

     б) Да го раскине претплатничиот Договор заради неисполнување на сопствените договорни обврски без наплата за казнени пенали во рок од 10 дена.
4. Претплатникот и по раскинувањето на претплатничкиот Договор ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на претплатникот.
5. Претплатникот може предвремено да го раскине претплатничкиот Договор, лично со поднесување на писмено барање на образец потпишан од страна на Операторот. Договорот ќе му биде раскинат во рок од 10 дена, од денот на поднесување на барањето за предвремено раскинување на договорот. Претплатникот и по раскинувањето на договорот ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално биле фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на Претплатникот.

### Член 12

1. Операторот може да го раскине Договорот во рок од 15 дена:
   - Поради неисполнување или постапување спротивно на обврските на Претплатникот предвидени со Договорот;
   - Во случај на користење и злоупотреба на условите од страна на Претплатникот за цели спротивни на одредбите на овој Договор и Законот за електронски комуникации и други закони и прописи;
   - Доколку Претплатникот ги користи услугите за давање на услуги на трети корисници со одреден надомест, без претходно склучен соодветен Договор со Операторот.
   - Во случај на смрт на Претплатникот, доколку линијата не е пренесена на друго лице во рок од 6(шест) месеци;
   - Со судска одлука за бришење од трговскиот регистар;

Слаѓан Спасовски ЛЕКТОР 10-182/4

- Во случај на стечај, ликвидацијата или неликвидност на Претплатникот, доколку правото на користење не е пренесено на друг субјект во рок од 2 (два) месеца од отпочнувањето на соодветна постапка;
- Доколку не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на виша сила подолго од 6 (шест) месеци. Под виша сила се подразбира настан независен од волјата на Операторот, чие настанување не можело да се предвиди ниту да се спречи и поради кој исполнувањето на обврските од Договорот станало отежнато или невозможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: општествени настани/штрајк, немири, војни/акти на јавната власт и слично. Операторот не носи никаква одговорност кон Претплатникот поради прекин на неговите услуги предизвикани од настан на виша сила, ниту за каква било изгубена добивка на Претплатникот.

2. Операторот ќе го раскине предвремено договорот со претплатникот во рок до 15 дена од денот на забележување на настанување на повреда на договорените обврски.

## ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ
### Член 13

1. Операторот има право да ги менува условите на овој Договор, со претходно известување на Претплатникот, во рок не пократок од 30 (триесет) дена пред воведување на измените. Се смета дека Претплатникот се согласил со промената на Договорот, доколку во рок од 30 (триесет) дена од приемот на известувањето, писмено не го извести Операторот дека го раскинува Договорот. Непримањето на ваквото Известување од причини за кои е одговорен Претплатникот, не го ослободува Претплатникот од обврските кои ќе настанат како резултат на измените во условите на овој Договор.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
### Член 14

1. Претплатничкиот Договор и Анексот склучен врз основа на него претставуваат целосен и единствен договор помеѓу Операторот и Претплатникот и ќе превладуваат над кој било претходен писмен или устен договор или комуникација со Оператор или со неговите застапници.
2. Делумното или целосното непочитување од страна на Операторот на кое било од неговите права што произлегуваат од овој Договор и Анексот нема да се смета за откажување од тоа право ниту пак го исклучува неговото користење во иднина.
3. Со потпишување на овој Договор, Претплатникот потврдува дека е запознаен и ги прифаќа општите услови на Операторот, кои ќе се применуваат за сите околности кои не се предвидени со овој Договор. Непознавањето на условите, не го ослободува Претплатникот од одговорност за нивно непочитување.
4. Како составен дел од овој Договор се сметаат и Обрасците и Анексите кон Договорот кои ги пополнува, односно потпишува Претплатникот за активирање, деактивирање или менување на услугите кои ги користи, како и официјалниот ценовник на Операторот.
5. Како составен дел на претплатничкиот Договор се сметаат и електронските записи од евиденцијата на Операторот, за извршеното активирање и деактивирање на услугите по електронски пат (системска порака, повикување на телефонски број, веб страна електронска пошта и слично).
6. За сè што не е договорено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Анексот кон овој Договор, официјалниот ценовник на Операторот, општите услови на Операторот објавени на официјалната веб страна: www.k.net.mk , Законот за електронски комуникации, Законот за облигациони односи и другите позитивно - правни законски и подзаконски прописи во Република Македонија.
7. Договорот влегува во сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни.
8. Договорот е подготвен во два идентични примерока, од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

Слаѓан Спасовски ЛЕКТОР 10-18214

9. Евентуалните недоразбирања кои ќе произлезат помеѓу Претплатникот и Операторот, а се во врска или произлегуваат од овој Договор, договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено, а ако во тоа не успеат, во случај на спор, надлежен ќе биде Основниот Суд – Куманово.

**Во Куманово, ___.___._______ год.**

**За ОПЕРАТОРОТ**
**Име и презиме:**

_______________

**Потпис / Печат**

_______________

**За ПРЕТПЛАТНИКОТ по овластување:**
**Име и презиме:**

_______________

**Потпис / Печат**

_______________

Слаѓан Спасовски
ЛЕКТОР

## АНЕКС НА ПРЕТПЛАТНИЧКИ ДОГОВОР БР: ______________

Кон општиот претплатнички Договор за пристап и користење на електронско-комуникациски услуги на Операторот бр.______________ датум ______________

| 1.ПОДАТОЦИ ЗА ОПЕРАТОРОТ | |
|---|---|
| Оператор: | КОМБО 2003 ДОО Куманово |
| Адреса на Операторот: | Ул. „Тане Георгиевски“ ББ, 1300 Куманово |

| 2.ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТПЛАТНИКОТ | |
|---|---|
| Име и презиме , назив: | |
| Адреса, седиште, општина: | |
| Поштенски број, град, држава: | |
| ЕМБГ/ЕМБС: | |
| Број на Л.К./ЕДБ: | |
| Потписник на договорот: | ☐ Законски застапник ☐ Овластено Лице |
| Име и презиме: | |
| Телефон: | |
| ЕМБГ: | |

| 3.ДРУГИ АДРЕСИ | |
|---|---|
| Адреса на инсталација: | |
| Адреса за испраќање на фактура: | |

| 4 КОНТАКТ ЗА ИЗВЕСТУВАЊА И ПЛАЌАЊЕ НА ФАКТУРИТЕ | | |
|---|---|---|
| Телефон за контакт | фиксен: | мобилен: |
| *E-mail адреса | | |

**Претплатникот се согласува да биде известен за какви било промени во врска со услугата која ја користи на електронската адресата што ја навел во Барањето и Анексот. Доколку ја промени електронската адреса, должен е, за истото, да го извести Операторот.*

| 5 ИЗБОР НА ПАКЕТ НА УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ | | |
|---|---|---|
| Услуга | ☐ Интернет<br>☐ Дигитална Телевизија - Основен пакет | |
| Пакет | | |
| Брзина за Download во пристапен дел: | Mbps* | |
| Брзина за Upload во пристапен дел: | Mbps* | |
| Брзина на интернет пристап по надминување на вклучениот месечен сообраќај (download/upload) | | |
| Вклучен месечен интернет сообраќај | | |
| Месечна претплата ** | | |
| Еднократен трошок за инсталација ** | | |
| Времетраење на Договорот | ☐ Неопределено време | |
| | ☐ 12 Месеци | од ___.___.20_____ до ___.___.20_____ |

| | | |
|---|---|---|
| | ☐ 24 Месеци | од ___.___.20_____ до ___.___.20_____ |

**Брзината кон надворешните интернет содржини може да се разликува од дефинираните брзини во претплатничкиат договор заради фактори кои влијаат надвор од мрежата на операторот. Операторот гарантира минимална брзина на интернет пристап од 256/256kbps (downlaad/upload) и минимум 40 ТВ канали во основниот пакет.*

| 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ | | |
|---|---|---|
| Статичка IP адреса (само за правни лица) | 250 ден ** | ☐ Да ☐ Не |
| Дополнителен ТВ Пакет | ________ ден ** | ☐ Да ☐ Не |
| Дополнителен ТВ Приемник | ________ ден ** | ☐ Да ☐ Не |
| | | ☐ Да ☐ Не |

| 7. ВРЕДНОСТ И ПОДАТОЦИ ЗА ОПРЕМАТА ШТО СЕ ИЗНАЈМУВА | |
|---|---|
| ТВ Приемник | ____________ ден ** |
| Картичка | ____________ ден ** |
| ТВ Приемник | ____________ ден ** |
| Картичка | ____________ ден ** |
| ТВ Приемник | ____________ ден ** |
| Картичка | ____________ ден ** |

*** Гореневедените цени се со вклучен ДДВ од 18%*

**1. ПРЕДМЕТ НА АНЕКСОТ**

1.1. Предмет на овој Анекс е уредување на правата и обврските на договорните страни при избор и користење на услугите кои ги нуди Операторот и кои попрецизно се определени во овој Анекс.
1.2. Сите цени и услови поврзани за избраниот пакет на услуги се дадени во Ценовникот на Операторот.
1.3. Претплатник на услугата која е предмет на овој Анекс може да биде секое физичко или правно лице кое во моментот на поднесување на Барањето за користење на комуникациските услуги ги има подмирено сите претходни издадени, а стасани, фактури кон Операторот.

**2. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОВОЈ АНЕКС**

2.1. Избраните услуги во овој Анекс, Претплатникот ќе ги користи за временски период од:

___.___.20_____ Година до ___.___.20_____ Година

2.2. Доколку ниту една од договорните страни писмено не го раскине овој Анекс пред истекот на датумот на неговото времетраење наведено во став 2.1., операторот е должен во рок не помал од 15 дена пред истекот на времетраењето на овој Анекс, да го информира претплатникот за истекување на истиот.
2.3. По истек на овој Договор или Анексите за користење на услугата, Претплатникот е должен да ја врати комплетната опрема дадена на користење, исправна и неоштетена. Во спротивно Претплатникот ќе мора да ја надомести целата вредност на опремата дадена на користење.

## 3. РАСКИНУВАЊЕ НА ОВОЈ АНЕКС

3.1. Претплатникот може да го раскине Анексот со Операторот лично со поднесување на писмено барање на образец пропишан од страна на Операторот, при што треба да ги намири сите стасани обврски кон Операторот, според одредбите на Претплатничкиот договор.
3.2. Операторот може да го раскине Анексот според одредбите на Претплатничкиот договор.
3.3. Овој Анекс ќе престане да важи во случај на раскинување на Договорот, при исклучување на Претплатникот поради ненавремено плаќање на месечните сметки или поради неисполнување на други договорни обврски.
3.4. Во случаи на престанување на важноста на овој Анекс, наведени во став 3.3. од овој член, Претплатникот се обврзува:

3.4.1. Да исплати договорна казна кон Операторот за предвремено раскинување на Договорот и Анексот во износ од ___________ денари доколку го раскине Договорот и Анексот во првата година од користење на сервисот.

3.4.2. Да исплати договорна казна кон Операторот за предвремено раскинување на Договорот и Анексот во износ од ___________ денари доколку го раскине Договорот и Анексот во втората година од користење на сервисот.

Износот на договорната казна ќе биде фактуриран од страна на Операторот и по плаќање на истиот од страна на Претплатникот, Договорот и Анексот се сметаат за раскинати.
3.5. Претплатникот нема обврска да ги плати казнените пенали, доколку го раскине претплатничкиот договор пред истекот на договорениот рок, само во случај кога од страна на Агенцијата ќе биде утврдено дека Операторот и/или давателот на услуги не ги исполнува параметрите за квалитет дефинирани во претплатничкиот договор. Во тој случај претплатникот има право да поднесе приговор кај Операторот и/или давателот на услуги кој треба да стори една од следниве работи:

а) да изврши проверка, технички корекции и да ги отстрани недостатоците во рок од пет дена од поднесениот проговор;

б) да го раскине претплатничиот договор заради неисполнување на сопствените договорни обврски без наплата за казнени пенали во рок од 10 дена.

3.6. Во случај на повреда на одредбите од овој Анекс и Претплатничкиот договор, Операторот е должен да го извести Претплатникот и да му определи разумен рок за исполнување на договорените обврски.
3.7. Во случај на раскинување на овој Анекс поради задоцнето плаќање и/или неплаќање на сметките, Претплатникот не може да се склучи нов договор пред целосно да ги намири своите финансиски обврски кон Операторот.

## 4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

4.1. Овој Анекс е составен дел на Општиот Претплатнички Договор склучен помеѓу Операторот и Претплатникот.
4.2. Овој Анекс е составен во 2 (два) идентични примерока од кои по 1 (еден) за секоја од договорените страни.
4.3. Евентуалните недоразбирања кои ќе произлезат помеѓу Претплатникот и Операторот, а кои се во врска или произлегуваат од овој Анекс, договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено, а ако во тоа не успеат, во случај на спор, надлежен ќе биде Основниот Суд – Куманово.

4.4. Претплатникот овде изјавува дека ги прифаќа во целост условите за користење на пакетот на услуги кој го одбрал, а се наведени во овој Анекс. За се што не е предвидено со овој Анекс, ќе се применуваат соодветните одредби од Општиот Претплатнички Договор, Општите услови за засновање претплатнички однос и користење на услугите на Операторот, односно соодветните Законски и подзаконски акти кои ја регулираат конкретната материја.
4.5. За дополнителните услуги кои не се опфатени со овој Анекс, Претплатникот потпишува посебен Анекс за користење на тие услуги.

**За ОПЕРАТОРОТ:**

**по овластување:**

**Име и Презиме:**

______________________

**Потпис / Печат**

______________________

**За ПРЕТПЛАТНИКОТ:**

**Име и Презиме**

______________________

**Потпис / Печат**

______________________

# И З Ј А В А

На Слаѓан Спасовски, лектор со Уверение бр. 10-182/4, Евидентна книга бр.03-323/1, стр. бр. 61 од 28.09.2003год.

Со изјавава потврдувам дека текстот :

**Претплатнички договор за пристап и користење на електронско/телекомунокациски услуги на Операртот**

лекторски го обработив и одговорно тврдам дека истиот ги исполнува стандардите за правилна употреба на македонскиот јазик.

Лектор
Слаѓан Спасовски

Слаѓан Спасовски
ЛЕКТОР
М.П.
10-182/4